Иџет МЕМЕТИ

# НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (ОМБУДСМАН)

## Институционален карактер

### *Историјат*

Институцијата Омбудсман по форма и концепција постои околу два века, а своите почетоци ги бележи во Шведска каде првпат е востановена во 1809 година.

Омбудсманот во секое општество каде што постои се јавува како механизам кој суштински придонесува во функционирањето на принципот на владеење на правото и претставува фактор кој ги илустрира демократските процеси во една држава.

Формирањето на институцијата Народен правобранител (НП) е поврзано со прогласувањето на независност на Република Македонија, односно со воведувањето на демократските принципи на владеење во 1991 година.

Народниот правобранител е утврден со член 77 од Уставот на Република Македонија кој е донесен во 1991 година.

Авторот е Народен правобранител на Република Македонија

Првиот Закон за НП Собранието на Република Македонија го усвои во 1997, кога е избран и првиот Народен правобранител кој со своите активности започна во 1998 година.Со овој закон институцијата доби мандат да ги штити уставните и законските права на граѓаните кога истите се повредени од страна на органи и тела на државната администрација или други тела со јавни овластувања.

Како одговор на уставните и политички промени по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, во 2003 година донесен е нов Закон за НП, со кој се децентрализира институцијата и се отвoраат регионални канцеларии. Со амандманот XI се утврдува начинот на избор на Народен правобранител и со уставните измени се подигна значењето на оваа институција и неговата улога во заштитата на начелата на недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во државните органи и единиците на локална самоуправа. Народниот правобранител добива право да предлага членови на Комитетот за односи меѓу заедниците во ситуации кога заедниците утврдени со Уставот на РМ немаат свои пратеници, а предлогот се дава по консултации со релевантни претставници на тие заедници.

Во 2009 година донесени се измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител со кои се востановуваат посебни одделенија за заштита на правата на децата и на лицата со посебни потреби, одделение за заштита на граѓаните од дискриминација и соодветна и правична застапеност, како и одделение за превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. На тој начин измените на законот за НП предвидуваат преземање на активности согласно закон и меѓународно ратификувани договори меѓу кои особено важен е Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура.

Со ратификацијата на Факултативниот протокол во 2008 година Народниот правобранител се назначи да ја преземе улогата на Национален превентивен механизам, кој функционално започна со своите активности во 2011 година.

Меѓународниот координативен комитет на националните институции за унапредување и заштита на човековите права во октомври 2011 го акредитираше НП со статус Б, кој означува дека институцијата е делумно во согласност со Париските принципи,со што се здоби со право да учествува на меѓународните состаноци на Националните институции за човекови права.

Од основањето до денес, функцијата Народен правобранител

ја извршувале двајца – сегашниот НП од 2004 година и неговиот претходник Бранко Наумоски, во периодот 1997-2004.

***Правна основа***

Институцијата на НП е заснована на класичниот модел на националните парламентарни омбудсмани во европските земји и претставува посебна, самостојна, независна, професионална и стручна институција. Во извршувањето на функциите и надлежностите пред сè ги почитува принципите на објективност, непристрасност, одговорност, чесност, совесност, ажурност, итност, експедитивност, партиска неприпадност, еднаквост во заштитата на правата и слободите на граѓаните и граѓанките без разлика на пол, боја, раса, вера и слично.

Работите од својата надлежност НП ги врши врз основа и во рамките на Уставот и законите на Република Македонија, како и меѓународните правни акти за човековите права и слободи.

Правната основа се црпи првенствено од Уставот, а мандатот и надлежностите на НП се дефинирани во Законот за народен правобранител како и од ратификуваните меѓународни договори. Уставот во членот 77 ги утврдува елементите на функционирањето на Народниот правобранител кои се однесуваат на штитење на уставните и законските права на граѓаните кога се тие повредени од органите на државната управа и други организации со јавни овластувања. Со амандманот XI се прошири мандатот и во делот на заштитата на начелата за недискриминација и соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби.

Народниот правобранител е независен и самостоен во своето работење. За Народен правобранител се бира лице кое е дипломиран правник со работно искуство од девет години на правни работи и чија активност е докажана во областа на заштитата на правата на граѓаните.

НП и неговите заменици се бираат од страна на Собранието на Република Македонија, со мандат од осум години со право на уште еден избор. Народниот правобранител и неговите заменици се бираат со двојно мнозинство (од вкупниот број пратеници и од вкупниот број на пратеници кои припаѓаат на заедниците што не се мнозинство во Република Македонија). Функцијата на НП не е компатибилна со извршување на друга јавна функција и професија, ниту пак со партиско членство.

НП може да биде разрешен во пет случаи:

1) ако сам/а го побара тоа; 2) ако биде осуден/а за кривично дело на

безусловна казна затвор од најмалку шест месеци; 3) ако трајно ја загуби психофизичката способност за вршење на функцијата Народен правобранител што се утврдува врз основа на наод и мислење на надлежна здравствена институција;4) ако ги исполнува условите за старосна пензија;5) заради нестручно, пристрасно и несовесно вршење на функцијата Народен правобранител.

НП поднесува извештај до Собранието еднаш годишно, кое е должно да го разгледа извештајот на јавна расправа на која присуствуваат и членови на Владата на РМ.

Во извештајот се констатирани состојбите во однос на почитувањето и заштитата на човековите права за кои се информира Собранието, а НП за работите од својот делокруг може да подготвува и посебни извештаи.

Согласно меѓународните и домашните обврски НП изготвува и годишен извештај на Националниот превентивен механизам кој е должен да го објави и дистрибуира. Преку вршењето на редовните превентивни посети Националниот превентивен механизам ги согледува состојбите и степенот на почитување на човековите права во местата каде лицата се лишуваат од слобода, и преку подготвување на посебни извештаи доставува укажувања и препораки  за чие постапување надлежните органи и установи се должни да одговорат во рок од 30 дена.

***Организациска структура***

Организациската структура на Народниот правобранител е утврдена во законот како и во подзаконските акти кои ја регулираат материјата на работење на самата институција.

НП е индивидуална функција, иако има десет заменици - четири во централната канцеларија и по еден во регионалните канцеларии. Заради извршување на работите од надлежност на НП се организираат подрачни организациони единици во Тетово, Кичево, Штип, Струмица, Куманово и Битола. Седиште на Народниот правобранител е во Скопје.

Покрај тоа што делува како Национален превентивен механизам, НП има и две други единици: за недискриминација и правична застапеност и за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби.

Од замениците кои се во централната канцеларија, по еден од нив е задолжен за посебни тематски целини:

- Граѓански слободи и права и права на припадниците на заедниците;
- Права од социјална заштита и социјална сигурност;
- Економски права и уредување и хуманизација на простор;
- Право на работа, еколошки права и права на корисници на услуги;

За стручните работи и координација задолжен е генералниот секретар, под кој се наоѓа стручната служба составена од пет организациски единици:

- Стручно-аналитички работи;
- Меѓународна соработка и односи со јавноста;
- Човечки ресурси и финансиско работење;
- Координација на работата на Народниот правобранител;
- Одделение за ИПА фондови

Во институцијата работат 78 вработени. Истите имаат статус на државни службеници кои се избрани од НП преку Агенцијата за државни службеници. Институцијата особено внимава за еднаквата родова застапеност на вработените па оттаму во истата има 47 жени и 31 маж, а мултиетничкиот концепт како и правичната застапеност на заедниците кои живеат во Република Македонија е пресликан во составот на вработените кај Народниот правобранител ( по етничка припадност вработени се 39 Македонци, 28 Албанци, 3 Срби, 3 Роми, 2 Власи како и по еден Турчин, Бошњак и Хрват).

***Финансирање***

Согласно законското дефинирање НП се финансира од Буџетот на Република Македонија при што Собранието посебно го гласа разделот наменет за Народниот правобранител. Предлог на средствата потребни за работа Народниот правобранител претходно ги усогласува со Владата преку Министерството за финансии. При гласањето за буџетот присуствува Народниот правобранител кој го образложува предлогот за буџет наменет за оваа институција.

Согласно оценката дадена во годишниот извештај на Народниот правобранител за 2011 " Начинот на финансирање на институцијата останува неадекватен на нејзините надлежности и позиција во уставно-правниот систем на Република Македонија. Ова особено што народниот правобранител не учествува при подготвување на Буџетот, а во Законот е утврдено дека на седница на Парламентот тој треба да ги образложи бараните средства. Засега ова претставува само формална обврска која суштински нема важност".

Мора да се истакне дека, иако според Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, институцијата како Национален превентивен механизам треба да има посебна ставка , тоа не е случај.

Република Македонија со самата ратификација на Факултативниот

протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, презеде обврска да гарантира функционална независност на Националниот превентивен механизам. Протоколот во член 18 наведува дека државата гарантира функционална независност на овие тела, презема неопходни мерки со цел обезбедување на доволен број експерти за непречено функционирање на тимот, како и државите пристапнички преземаат обврска да ги стават на располагање потребните ресурси за функционирање на националните превентивни механизми. Република Македонија со ратификацијата го назначи НП за национално тело кое ќе врши превенција од малтретирање и друг вид на сурово или нечовечно постапување преку редовни и ненајавени посети во местата на лишување од слобода, но досега не обезбеди буџет за ефикасно функционирање на овој механизам , па истиот својот мандат го спроведува преку користењето на средствата од буџетот на НП.

Покрај Буџетот на РМ, други извори на финансирање на НП се средства од донатори, кои се користат за посебни проекти и промоција. Буџетот на НП за 2011 година изнесуваше околу 75 милиони денари (1,1 милиони евра). Државниот буџет можеше да ги покрие тековните трошоци и плати, додека активностите беа финансирани од Шведската агенција за меѓународен развој, Мисијата на ОБСЕ , Твининг проектот кој НП го спроведува во соработка со Шпанскиот НП и Францускиот Медијатор како и Мрежата на Народни правобранители за детски права во Југоисточна Европа (ЈИЕ). Во 2012 година како донатор учествува и Амбасадата на Кралството Холандија.

***Мандат за човекови права***

НП на РМ ги штити уставните и законските права на граѓаните и граѓанките во случај на кршење на истите од страна на органите на државната управа и други органи и организации со јавни овластувања. Мандатот не се однесува на приватниот сектор или на судската власт, освен во случаи на неоправдано одолжување на судските постапки или несовесно и неодговорно вршење на работите на судските служби. Притоа НП особено внимава да не дојде до повреда на принципите на самостојност и независност на судската власт. НП посветува посебно внимание на заштитата на начелата за недискриминација, соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на локалната самоуправа и во јавните установи и служби. По однос на состојбите со обезбедувањето, почитувањето и заштитата на уставните и законските права и начела

на недискриминација и соодветна и правична застапеност може по сопствена иницијатива да упатува препораки, мислења и критики до надлежните органи.

НП нема законодавни, судски или извршни овластувања, ниту е орган за кривично гонење или пак инспекциски надзор, па донесените одлуки и препораки не се правно обврзувачки.

Сепак, како дел од својот мандат, НП има право да поднесува иницијативи за измени и дополнувања на закони , како и да придонесува кон хармонизацијата на домашното законодавство со меѓународните стандарди за човекови права.Исто така, може да поднесува предлози до Уставниот суд за проверка на уставноста и законитоста на прописите и општите акти.

Постапката за заштита на уставните и законските права на граѓаните пред Народниот правобранител започнува со поднесување на претставка. Народниот правобранител може да покрене постапка и по сопствена иницијатива доколку оцени дека постојат одредени повреди на уставните и законските права на граѓаните. Заради утврдување на состојбите по покренување на постапката НП може да преземе соодветни дејствија меѓу кои : да побара потребни објаснувања, информации и докази за наводите во претставката; да влезе во службени простории и да изврши непосреден увид во предметите ; да повика на разговор избрано или именувано лице, службено лице како и друго лице кое може да даде определени податоци за постапката; да побара мислење од научни и стручни институции како и да преземе други дејствија и мерки определени со закон или друг пропис.

Доколку се утврди повреда на правото во тој случај НП има можност за користење на поголем сет на мерки во кои се вклучени: давање препораки, предлози, мислења, и укажувања за начинот на отстранување на повредата; предлагање за потворно спроведување на определена постапка; покренување на иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против службено лице како и да се поднесе барање до надлежниот јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност.

Повредите на уставните и законските права може да бидат од разни области извршени на разни начини и форми: намерно и ненамерно, бирократско, самоволно, недолично и нехумано однесување, непостапување по барање на граѓанин/ка, недонесување акт, решение, заклучок, неиздавање уверение, потврда, мислење и сл., одолжување на постапка, нееднаков третман на граѓани/ки, погрешно донесен акт, акт заснован на погрешна и нецелосно утврдена фактичка состојба,

акт заснован на погрешен материјален закон, повредена постапка и сите други намерни и ненамерни однесувања и постапувања со кои се повредуваат правата и слободите на граѓаните и граѓанките загарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори и конвенции.

Во законот за НП од 2003 година оваа институција беше назначена да ги следи состојбите на почитувањето и заштитата на уставните и законските права на лицата во органите и установите во кои слободата на движење е ограничена.Посебен акцент се стави на состојбите на приведените, притворените и лицата што издржуваат казна затвор или воспитно-поправна мерка. До востановувањето на Националниот превентивен механизам НП спроведуваше периодични посети во местата каде слободата на движење е ограничена и истите беа без претходна најава и одобрение.

НП како Национален превентивен механизам има мандат да врши систем на редовни посети што можат да бидат најавени или ненајавени. Најавените посети имаат за цел во одреден временски период да се согледаат состојбите во местата на лишување и да се евидентира напредокот или влошувањето на условите за сместување и третманот на лицата лишени од слобода. Ненајавените посети имаат за цел да се проверат веќе утврдените состојби во местата каде лицата се или можат да бидат лишени од слобода и да се намали ризикот постојните состојби да бидат прикажани на несоодветен начин.

При посетите Националниот превентивен механизам ги спроведува следните активности: спроведува разговор со службените лица со цел да им се предочи значењето на посетата и обврската за соработка со Народниот правобранител; ги согледува состојбите во врска со материјалните услови во местата во кои се сместени лицата лишени од слобода; врши увид во документацијата и други информации што се однесуваат на третманот на лицата лишени од слобода;спроведува непосреден разговор со лица лишени од слобода, без сведоци, лично или со преведувач ако тоа се смета за неопходно.

Мандат на НП како Национален превентивен механизам е редовно да го испитува постапувањето кон лицата лишени од слобода со цел превенција од тортура, да дава препораки до релевантните органи и да поднесува предлози и согледувања во врска со постоечкото или со нацрт законодавството.

Народниот правобранител ги следи и состојбите и заштитата на правата на децата и лицата со посебни потреби преку посебно одделение и доколку е потребно се спроведуваат посебни истражувања,

анализи и извештаи.

Народниот правобранител, замениците, вработените во стручната служба на НП како и тимот на Националниот превентивен механизам имаат службена легитимација.

На Народниот правобранител, неговите заменици како и на тимот на Националниот превентивен механизам им се овозможува непречен пристап до сите органи, организации и установи – места на лишување од слобода без претходна најава, како и да остварува средби со и собира информации од лица лишени од слобода, и други избрани или именувани и службени лица кои би можеле да придонесат во постапките.

***Активности***

Од приближно стотина случаи во првата година од своето постоење, НП денес има повеќе од 4000 на годишно ниво. Народниот правобранител своите активности ги дели пред се во доменот на заштита во случаи на повреда на одредено право, како и во доменот на превенција која ги идентификува ризиците, ги анализира состојбите и дава препораки со цел намалување на повредите во иднина. Состојбата со човековите права како и соработката која НП ја остварува со државните органи во насока на превенција и заштита на правата е прикажана во редовните годишни извештаи кои ги подготвува Народниот правобранител. Воедно НП објавува и годишен извештај на Националниот превентивен механизам во кој се внесени констатираните состојби од посетите на местата каде лицата се лишуваат од слобода и се даваат препораки со цел намалување на ризиците од тортура како и подобрување на степенот на права кои ги имаат лицата сместени во овие установи.

Покрај нив, институцијата до сега има објавено и над 30 тематски извештаи, кои се посветени на дел од областите за кои е надлежен НП, а поконкретно недискриминацијата и правичната застапеност, затворите, здравството, децата, образованието, социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување и полицијата.

Бројот на предмети ја покажува довербата на граѓаните кон Народниот правобранител, а од друга страна претставува уште поголем мотив но и одговорност за институцијата во насока на остварување и заштита на правата. Зголемената свест како и довербата на граѓаните произлезе од голем број на кампањи и промоции кои беа спроведени од Народниот правобранител. Во таа насока се спроведе кампања ‘ Отворени денови на Народниот правобранител” со која се направи посета на 15 општини во Република Македонија, како и промоција за

улогата на Народниот правобранител како заштитник на човековите права преку театарски претстави, тв емисии и директни контакти со граѓаните на Република Македонија.

НП редовно доставува информации кои се однесуваат на конкретни случаи, а од мај 2010 година, два пати годишно, се издава и Весник на Народниот правобранител. Интернет страната е постојано надоградувана со сите поважни информации од предметното работење, превентивниот механизам, промотивните како и меѓународните активности. Истата е поставена на три јазици и тоа на македонски, албански и англиски јазик.

Промоцијата за човековите права, подигање на свеста, едукативната и советодавната работа се исто така дел од активностите, во склоп на кои се издаваат брошури и летоци за промовирање на работата на НП и информирање на граѓаните/ките за тоа како можат да му пристапат на НП, или пак информираат за правата на одредени социјални и/или општествени групи како што се правата на децата, осудените лица,животната средина и слично. Народниот правобранител изминатите години посвети и особено внимание за едуцирањето на државната адиминистрација во делот на почитувањето на правата на граѓаните.Оттаму беа спроведени неколку семинари за претставниицте на државните агенции и граѓански организации во делот на надлежностите на НП, тркалезни маси за новата улога на Националниот превентивен механизам, дебати на тема антидискриминација. На овие настани покрај подигањето на свеста и едукативната компонента НП продолжи со градење на доверба и воспоставување конструктивна соработка со државните органи, организации со јавни овластувања како и со претставниците на граѓанскиот сектор.

Народниот правобранител како Национален превентивен механизам во првата година од своето работење спроведе 18 превентивни посети . Посетите се спроведуваат врз основ на претходно утврдена програма и за секоја посета се изготвува посебен извештај со констатирани состојби и препораки со цел намалување на ризиците од тортура и/или друг вид на сурово или нечовечно постапување/казнување.

Како дел од своите активности, НП има поднесено извештај до Министерството за правда на РМ за важноста од спроведување на одлуките на Европскиот суд за човекови права со што проактивно придонесува за унапредување на националниот систем за заштита на човекови права, промоција и унапредување на усогласеноста со меѓународните норми и стандарди од областа на човековите права. НП иницираше и промена во образовниот систем, со цел унапредување на наставните програми,

содржини и учебници во насока на едуцирање на децата и наставниот кадар за правата и слободите на граѓаните/ките, како и механизмите, постапките и начините за остварување на човековите права и слободи. НП како Национален превентивен механизам поднесе и мислење за изменување и дополнување на Правилникот за стандарди во местата на лишување од слобода во полициски станици.

Дополнително, професионалните капацитети на институцијата, освен преку редовните механизми, од 2011 година се унапредуваат и зајакнуваат и преку Твининг проект, финансиран од ИПА фондовите на Европската Унија, а во соработка со Националниот омбудсман од Шпанија и Медијаторот од Франција. Народниот правобранител голем дел од проектните активности спроведени преку соработка со донаторите ги посвети/посветува на внатрешно јакнење на капацитетите на стручната служба, па оттаму како дел од активностите кои се преземаат се и студиски патувања и учества на домашни и меѓународни конференции. Преку посебни и стручни обуки се јакнат капацитетите на Националниот превентивен механизам, а ваков вид на обуки се спроведуваат и во одделенијата за недискриминација и правична застапеност и за заштита на правата на децата и лицата со посебни потреби. Воедно потребата од поголема грижа за детските права како и правата на лицата со посебни потреби се дел од темите кои се во постојан фокус на Народниот правобранител.

Во 2011 година Народниот правобранител во соработка со граѓанскиот сектор започна и со кампања за подигање на свеста на граѓаните за нивното право да живеат во здрава животна средина.Кампањата се спроведува преку регионалните канцеларии на НП на кои се делат информативни летоци, а се предвидува и медиумска покриеност со емитување на ТВ спотови.

Од исклучителна важност е регионалната и меѓународната активност на Народниот правобранител. НП како институција е членка на Интернационалниот омбудсман институт, Европскиот омбудсман институт, Асоцијацијата на омбудсмани и медијатори од франкофонијата и Асоцијација на омбудсмани на медитеранот. Воедно Националниот превентивен механизам е дел од Проектот за воспоставување на активна мрежа на НПМ на ниво на Совет на Европа.

***Народниот правобранител како Национална институција за човекови права***

Национална институција за човекови права (НИЧП) е организација финансиски обезбедена од државата, со уставна или правна основа, и со овластување за промовирање и заштита на човековите права на национално ниво. Таа е механизам преку кој државата ја исполнува својата меѓународна одговорност „да ги преземе сите соодветни активности” за да обезбеди спроведување на меѓународните човекови права на национално ниво.

Создавањето на НИЧП е знак дека земјата сериозно ги сфаќа своите одговорности за човековите права; силата на оваа посветеност може да се измери преку степенот до кој НИЧП е целосно независна и располага со потребните овластувања и средства за да биде ефикасна институција.

Националните институции за човекови права се основаат врз основа на стандарди воспоставени со т.н. Париски принципи согласно кои институцијата треба да има мандат за активна промоција и заштита на човековите права утврдено со уставните и законските норми на конкретната држава.

Функционална и добро втемелена Национална институција за човекови права за земја како Република Македонија, чиј систем на заштита и промоција на човековите права е во постојан развој, е од исклучителна важност. Поради тоа, здобивањето со акредитација од Меѓународниот координативен комитет на националните институции за унапредување и заштита на човековите права е од стратешко значење, и поради меѓународната поддршка која институцијата ја добива, и поради улогата која како таква ја има во национални рамки.

Акредитираните институции имаат можност за помош од Меѓународниот координативен комитет во случај на отежнати околности за работа и/или променети околности во земјата. Исто така, како акредитирана институција добива ефективни препораки за подобрување на работата и понатамошно усогласување со Париските принципи. На крајот, добивањето на акредитација дава и поголем меѓународен и домашен кредибилитет на институцијата, поради тоа што се дава признание за нејзината независност и ефикасност.

Со таа цел, НП поднесе барање за акредитација до Меѓународниот координативен комитет и се здоби со статус Б во октомври, 2011 година, со што влезе во групата на институции од Австрија, Белгија, Словачка, Словенија, Унгарија, Холандија и Шведска. Со оваа акредитација (која означува дека институцијата е делумно во склад со Париските принципи), институцијата се здоби со право да делува како национална

институција за човекови права и да учествува на состаноците на другите институции, но без право на глас.

Во својата евалуација, Поткомитетот за акредитација и додели на институцијата НП на Република Македонија широк мандат за заштита, но не и мандат за промовирање на човековите права. Иако го пофали НП за своите активности во промоцијата на човековите права, Поткомитетот го охрабри да се бори за поширок мандат, особено во однос на промоцијата. Во однос на изборот на замениците на НП, Поткомитетот имаше забелешка дека Париските принципи предвидуваат поширока репрезентативност во организацијата, за разлика од моменталната, која се однесува само на етничката припадност, и тоа примарно на Македонците и Албанците. Исто така, беше предложено процесот на вработување и избирање на НП да биде потранспарентен и да осигура плурализам, како и поширок консултативен процес, кој би вклучил повеќе актери од цивилното општество.

На крајот, беше побарано од НП поактивен ангажман во меѓународниот систем на човекови права, поконкретно во Советот на човекови права и неговите механизми (специјални процедури и универзален периодичен преглед –,Universal Periodical Review,UPR), како и во организациите на Обединетите Нации кои произлегуваат од меѓународните договори и правни акти кои се однесуваат на системот за заштита на човековите права. Исто така, НП беше охрабрен активно да се вклучи во Меѓународниот координативен комитет, Европската група на национални институции за човекови права, како и други меѓународни организации.

Париските принципи истакнуваат дека НИЧП треба да се овластат да ги промовираат и да ги штитат човековите права врз основа на овластувања  утврдени во уставен или законски текст.  Принципите бараат оваа институција да поднесува препораки, предлози и извештаи до Владата, Парламентот и останатите надлежни тела. Предметно прашање може да биде секоја законска или административна одредба поврзана со заштитата на човековите права, секоја ситуација на нарушување на човековите права,  подготовка на извештаи за националната состојба во поглед на човековите права, или поспецифични прашања. Воедно потребно е поттикнување од страна на НИЧП за ратификација на меѓународните инструменти за човековите права и нивно обезбедување, придонес кон процесот на известување и соработка со Обединетите Нации како и со регионални институции и НИЧП од други земји, кои се надлежни на полето на заштита и промовирање на човековите права.

Конечно, НИЧП може да помогне во конципирање и спроведување

на предавања за човековите права и истражувачки програми, како и да придонесе кон зголемување на јавната свест за човековите права преку информирање и едуцирање.

На ваков начин со стекнувањето на статус на Национална институција за човекови права Народниот правобранител е должен да делува и во промоцијата како и во заштитата и да дава сеопфатна грижа за целосно почитување на домашните и меѓународните стандарди за човековите права.

**Резиме**

Во овој ревијален текст, Народниот правобранител на Република Македонија дава преглед на институционалниот карактер на својата институција. Текстот ги претставува историјатот, правната основа, организациска структура, финансирање, мандат за човекови права и активностите на Народниот правобранител. За целите на темата на Евродијалог 16, посебно внимание е посветено на Народниот Правобранител на Република Македонија како Национална институција за човекови права, процесот на аплицирање, добивање на статус Б, како и оценката на Меѓународниот координативен комитет за унационални институции за унапредување и заштита на човековите права.

**Ixhet Memeti**

## OMBUDSMAN OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract**

In this review, the Ombudsman of the Republic of Macedonia gives an overview of the institutional character of his institution. The text offers an outline of the history, legal basis, organizational structure, funding, human rights mandate and activities. For the purposes of the topic of Eurodialogue 16, special attention is given to the Ombudsman of Republic of Macedonia as a National Human Rights Institution, the application process, receiving of status B and evaluation of the International Coordination Committee of National Institutions for Promotion and Protection of Human Rights.